Врз основа на член 56 став 6 од Законот за заштита на растенијата ("Службен весник на РМ" бр. 25/1998), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УНИФОРМАТА И ЗНАКОТ ШТО ГО НОСАТ ИНСПЕКТОРИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

Член 1

Во Правилникот за униформата и знакот што го носат инспекторите за заштита на растенијата на граничен премин („Службен весник на РМ" бр. 8/1999) во називот и во членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 зборовите: „инспекторите за заштита на граничен премин" се заменуваат со зборовите: „Фитосанитарните инспектори".

Член 2

Во членот 4 точка 1 ставот 5 се менува и гласи: На горниот раб од десниот ракав од сакото на растојание од 8 см е вепишан амблем во облик на штит , опшиен со жолта боја, изработен од чоја со темноцрвена боја, во кој на горниот дел со жолти букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под тоа со жолти букви е извезено „ФИТОСАНИТАРЕН ИНСПЕКТОР".

Член 3

Содржината на Прилог 1 се менува и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр 10-10498/2
23 октомври 2006 година
Скопје

Министер,
**Ацо Спасеновски**, с.р.